

# Фотелја за масажа
# ANIMA 2-D
## Упатство за употреба

Ви благодариме што ја купивте фотелјата за масажа Anima 2-D.
Ве молиме, пред употреба да го прочитате упатството за употреба.



- Овој производ е наменет за работа во затворен простор.
- Во случај на каков било проблем, веднаш исклучете ја фотелјата од штекер.

## Карактеристики

| | | | |
|---|---|---|---|
| Опис | Фотелја за масажа | Модел | ANIMA 2-D |
| Тајмер | 15 мин. | | |
| Моќност | 96W | Тежина | 50 kg |
| Напон | 220-240V- 50/60HZ | Материјал | ABS, Метал |
| Димензии | 1450x760x790mm | Тапацир | Вештачка кожа |
| Ефект | Го отстранува уморот, го стимулира крвотокот, ги ублажува болките во мускулите и друго. | | |

<table>
<tr><td>ГАРАНТЕН ЛИСТ</td><td colspan="2">Уверете се дека при купување на фотелјата продавачот Ви дава и гаранциски лист. Чувајте го внимателно, затоа што без него не важи гаранцијата, која трае две години.</td></tr>
<tr><td>ГАРАНЦИЈА</td><td colspan="2">За какви било проблеми со фотелјата за масажа, Ве молиме поврзете се со нашиот сервис на тел. (02) 2784 084, секој работен ден од 09-17 часот.</td></tr>
<tr><td>РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ</td><td colspan="2">Резервни делови за фотелјата се обезбедени 5 години, по што може да престане поддршката со делови.</td></tr>
<tr><td>РОК НА ПОПРАВКАТА</td><td colspan="2">Рокот за извршување на поправката се определува индивидуално, според дефектот и расположливите делови.</td></tr>
<tr><td rowspan="3">ПОДДРШКА ПО ИСТЕКОТ НА ГАРАНЦИЈАТА</td><td colspan="2">Поправката зависи од трошоците за работна рака + деловите.</td></tr>
<tr><td>Трошоци за работ. рака</td><td>Трошоци за поправката - дијагностика, поправка и тестирање на фотелјата за масажа.</td></tr>
<tr><td>Цена на деловите</td><td>Цена на резервните делови и други компоненти неопходни за поправката на фотелјата за масажа.</td></tr>
</table>

## КОМПОНЕНТИ И ОПИС




1. Вклучете го кабелот во струја, а потоа вклучете ја фотелјата на копчето ON/OFF што се наоѓа одзади долу.
2. На контролниот панел притиснете го копчето за вклучување/исклуч. и изберете програма за масажа.
3. После 15 минути, фотелјата за масажа автоматски прекинува со работа.
4. Доколку сакате да ја прекинете масажата, стиснете го копчето STOP.

## КОНТРОЛЕН ПАНЕЛ




Копче за автоматски режим на масирање. Ако притиснете еднаш, влегувате во Мод 1, а ако стиснете уште еднаш, влегувате во Мод 2.

3-функционално копче: Гмечење / Растривање / Стоп

Копче за позиционирање на масажата: Цело тело / Горен дел / Долен дел

Контрола на воздушната компресија: Слабо / Средно / Високо ниво

Избор на една фиксирана точка за масажа

Копче за вкл. / исклучување

Стоп копче за итно прекинување на масажата

3-функционално копче: Потчукнување / Тапкање / Стоп

Регулирање на брзината: Мала / Средна / Голема брзина

Вклучување / исклучување на функцијата за загревање

Копче за промена на аголот на навалување на фотелјата

Шиацу се активира ако ги исклучите двете горни копчиња, од лево и десно

* Копчињата за избор на масажа во една фиксирана точка и за промена на аголот на навалување на фотелјата се активни само при избор на рачна програма, а не се активни при избор на Шиацу.

## СЕРВИС

За секоја информација поврзана со сервис на фотелјата за масажа, Ве молиме контактирајте го центарот за грижа на корисници, секој работен ден на телефон (02) 2784 084, од 09 до 17 часот.

- За правилно функционирање на фотелјата за масажа е неопходно таа да биде поставена и да се користи на рамен под. Пред да го вклучите кабелот во штекерот, проверете дали копчето одзади долу е во позиција OFF.
- Не поместувајте ја фотелјата за масажа додека таа работи. Доколку сакате да ја поместите фотелјата, навалете ја фаќајќи ја за потпирачот за грбот и употребете ги вградените тркалца.

FRIENDLY REMINDER

За поефектна масажа, привремено тргнете го перничето од седиштето, како и она што е за главата, кое можете да го ставете да виси позади главата, додека трае масажата.

Секој масажен програм трае 15 минути. Доколку сакате да продолжите со масажата,одморете најмалку 30 мин. пред да започнете нов циклус од 15 минути.

Фотелјата не треба да ја употребуваат бремени жени и оние кои имаат циклус, луѓе со тромбоза, кожни инфекции, со вградени мед. уреди (пејсмејкери и сл.)

## ОПАСНОСТ

За да се избегнат проблеми кои можат да настанат од земјотреси, поплави, пожари или грмотевици, најдобро е кабелот за струја да се исклучи од електричната мрежа.

Ако почувствувате необични шумови и вибрации, или мирис на изгорено, веднаш извадете го кабелот за струја од штекерот и контактирајте го нашиот сервис.

По завршување на масажата исклучете ја фотелјата од задниот прекинувач, а ако не ја користите подолго време, тогаш исклучете го и кабелот од штекер.

## ВНИМАНИЕ

Ако почувствувате дискомфорт или болки при користење на оваа фотелја, веднаш прекинете со масажата и обратете се кај Вашиот доктор за совет.